# НЕГУШКОТО ВОСТАНИЕ
# (1822)

**Никола Минов**

На почетокот на XIX век, југозападна Македонија претставувала вистински етнички мозаик. Во областа Пиерија на егејското крајбрежје доминирало грчкото население, кое претставувало мнозинство и во Анаселичко, Берско и Гревенско, а било мошне бројно и во околијата на Кожани. Во берскиот регион, јужно од градот Негуш, имало 30-ина македонски села. Македонците имале апсолутно мнозинство и на север од Берско, во областа помеѓу Негуш и Воден. На пиндскиот масив во Гревенско живеело бројно влашко население, кое како последица на палењето на влашките центри на Грамос и во Москополе, кон крајот на XVIII век ги преплавило и поголемите градски центри во југозападна Македонија. Покрај христијанскиот елемент, во овој дел од Македонија живеело и мошне бројно турско население, кое доминирало во Кајларско и претставувало мнозинство во Кожанско.

Без оглед на етничката разноликост на регионот, настаните што ѝ претходеле на грчката војна за независност ги засилиле христијанската солидарност и кохезија и го разбудиле бунтовниот жар кај рајата. Повеќе од две децении локалното христијанско население страдало од притисокот и жестокостите на Али паша Јанински. За време на судирот меѓу Али паша и Османлиите што започнал во 1820 година, христијаните во овој дел на Македонија биле доведени до точка на очај поради ексцесите на османлиските војски што деноноќно минувале низ регионот на пат кон Јанина.

Дополнителен импулс на постојните тензии им дала грчката политичка организација Филики Етерија. Југозападна Македонија, со своите високи планини, густи шуми и изобилството извори претставувала идеален терен за ајдуците, т.н клефти. Во овој дел на Македонија функционирале арматолаците, во кои арматолите како вооружени формации официјално признаени од Портата, биле задолжени за осигурување на редот и мирот. Линијата меѓу клефтите и арматолите честопати била

речиси невидлива, па оттука клефтите неретко станувале арматоли, и обратно, огрешувајќи се пред властите, арматолите повторно станувале клефти. Следејќи ја својата основна цел – ослободување на Грците од османлиска власт и формирање на грчка држава со центар во Цариград – во 1819 и 1820 година Етеријата создала своја база и на македонскиот југозапад. Покрај тоа што привлекла трговци, градски првенци и членови од високиот патријаршиски клер во Берско, Кожанско и Гревенско, Филики Етерија во своите редови ги примила и дел од арматолите и клефтите што оперирале во овој дел од Македонија, како арматолот Јанулис Зјакас од Гревена, клефтските капидани Анастасиос Карataшо од с.Довра (Берско), Ангел Гацо од с.Саракиново (Воденско) и други.

Почетокот на грчката војна за независност во пролетта 1821 година, Халкидичкото востание во втората половина на истата година и намалениот прилив на османлиска војска во југозападна Македонија по конечниот пораз на Али паша Јанински во јануари 1822 година, создале поволни услови за вооружен отпор на христијаните во македонскиот југозапад и довеле до кулминација на востаничкиот елан. Летото 1821 година, соочени со постојан притисок и грабеж од османлиските војски што минувале низ нивниот град, жителите на Сјатиста (Анаселичко) го испратиле Николаос Касомулис да побара воена помош од нелегалните клефти на Олимп. Истовремено, неповолниот расплет на Халкидичкото востание го принудиле водачот на востанието, Емануил Папас, да се обиде да создаде диверзија со тоа што ќе испровоцира слични востанија на Олимп и во Пиерија. Капиданите на грчките клефти на Олимп биле волни да востанат, меѓутоа недостатокот на оружје и муниција ги натерал да побараат помош од грчките револуционери во јужна Грција. Во тој контекст, на Пелопонез бил испратен Н. Касомулис, кој бил ополномоштен од клефтските капидани на Олимп и од востаниците на Касандра да преговара за испраќање на воена помош во луѓе и оружје во југозападна Македонија и на Халкидик. Поради колебливоста на водачот на грчката револуција, Димитриос Ипсиланти, помошта не била правовремено упатена на потребните места. Во меѓувреме, до крајот на 1821 година, Абу Лабуд паша успеал да го задуши востанието на Халкидик, а во јануари 1822 година османлиските трупи конечно го срушиле отпорот на Али паша Јанински. Река бегалци од востанатите реони на Халкидик и од околијата на Солун побарале спас во Берско. Меѓу нив се инфилтрирале и дел од халкидичките востаници.

Николаос Касомулис не успеал да ја обезбеди потребната воена помош од јужна Грција за да го спречи неуспехот на Халкидичкото востание. Меѓутоа, тој продолжил да одржува врски со Е. Папас и во координација со Д. Ипсиланти активно дејствувал за пренос на востаничките дејствија од Халкидик на Олимп и во Берско. Во тој контекст, на 5 октомври 1821 година побарал од Папас да се префрли на Олимп и да ги „запали" тамошните капетани со „потребниот патриотски ентузијазам". Притоа, Касомулис посочил дека борците од југозападна Македонија треба да бидат подготвени за востание и ја акцентирал важната улога што градот Негуш би ја играл во борбата за слобода, истакнувајќи дека градот имал „суштинско значење поради неограниченото количество оружје со кое што располага". Последната констатација на Касомулис била на место. Негушани ја покажале својата бунтовност уште во 1705 година кога одбиле да дадат данок во крв и четири месеци им одолевале на османлиските напади за време на Негушкиот бунт. Во јуни 1719 година, граѓаните на Негуш, во соработка со локалните клефти ја нападнале и ја ограбиле судската зграда во градот. Борбениот дух на жителите на Негуш бил потврден кон крајот на векот. Од 1795 до 1804 година Негуш не потклекнал пред обидите на епирскиот феудалец Али паша Јанински да завладее со богатиот град. Од друга страна, високите градски ѕидини и потешко пристапната планинска област на северозападната страна од градот нуделе одлични услови за дефанзива. Притоа, како ретко која христијанска населба во Македонија, Негуш располагал со големо количество на огнено оружје. Во 1771 година во градот се доселиле извесен број на Власи од пиндското село Самарина, кои работеле како производители на оружје. Производството на оружје се покажало од голема важност за време на отпорот на негушани против Али паша Јанински, а, според размислувањата на Касомулис, истото требало да биде искористено во планираното востание. Во секој случај, непосредно пред избивањето на Негушкото востание, речиси и да немало невооружен негушанец.

Подготовките за започнување на востание се интензивирале на почетокот на 1822 година. Во манастирот Доврас, во близина на Бер, А. Караташо и А. Гацо организирале средба на која присуствувале локални арматоли, клефти и градските првенци Логотет Зафиракис Теодосиу од Негуш, Панајот Наум од Воден, Георгиос Никополис од Сјатиста и Јоанис Папарескас од Костур. Меѓу другото, на средбата било одлучено во блиска иднина да започне востание во југозападна Македонија, со центри во Негуш, Кастанија и Сјатиста. Центарот на областа, градот Бер, бил намерно исклучен од востаничкиот план поради силното присуство на османлиска војска, поради доминацијата на турското

население во градот и присуството на штотуку доселените и озлобени албански бегалци од градот Лала на Пелопонез.

Османлиските власти навремено ги лоцирале сомнителните активности на христијанското население во регионот и ги презеле потребните мерки на претпазливост. Во декември 1821 година, победникот во Халкидичкото востание, Лабуд паша, му пишал од својот камп во Касандра на берскиот кадија да нареди општо вооружување на турското население, попис на сите христијани и издавање на тескериња за локалното христијанско население. Притоа, секој што би бил фатен без такво тескере би бил обезглавен, а членовите на неговото семејство би биле продадени како робови. Целта на оваа наредба била да се лоцираат востаниците бегалци од Халкидик и да се избегне прилив на востаници од Грција и од останатите региони во Македонија. Покрај тоа, Лабуд паша наредил обезоружување на сето христијанско население. Во февруари и март 1822 година, по негова наредба биле уапсени 74 христијански првенци од Бер и поголем број на првенци од повеќе градови во западна и централна Македонија, вклучително и христијанските првенци од регионите што биле мошне оддалечени од Берско, како Битола, Охрид, Крушево, Ресен, Магарево, Маловишта и Корча. Единствено градот Негуш одбил да даде заложници. Овие мерки јасно го покажуваат интензитетот и обемот на османлиските сомнежи за ново востание во Македонија. За целосно да го обезбеди мирот во потенцијалните востанички жаришта на Олимп и во југозападна Македонија, Лабуд паша лично, со бројна армија, се упатил кон овие региони. Во втората половина на февруари 1822 година, првите османлиски трупи веќе ги зазеле своите позиции во гратчето Колиндрос во Пиерија.

Кон крајот на февруари 1822 година на пристаништето Елефтерохори во Пиерија пристигнал Н. Касомулис, носејќи со себе извесно количество оружје од Грција, кое набргу им било поделено на клефтите на Олимп. Неколку дена подоцна, на почетокот на март, на истото пристаниште се истоварил Грегориос Салас, кој од страна на Д. Ипсиланти бил назначен за командант на македонската кампања. Со него дошле и поголем број борци, вклучително и група на германски филхелени, кои носеле поголемо количество оружје и два топа, наменети за започнување на востание на Олимп и во западна Македонија.

Тајмингот воопшто не бил случаен. По убиството на Али паша Јанински и освојувањето на Јанина во јануари 1822 година, 20.000 војска се упатила од Јанина кон Пелопонез. Задушувањето на Халкидичкото востание во декември 1821 година

претставувало дополнителен проблем за водачите на грчката револуција, бидејќи овозможувало пренасочување на нови османлиски трупи од Македонија во Грција. За да се олабави притисокот врз грчките востаници, било нужно да се прекинат главните копнени комуникации од Македонија кон Грција и да се отвори ново воено жариште во Македонија, кое би ангажирало бројни османлиски трупи. Оттука, станува јасна колебливоста на грчките водачи за испраќање на воена помош во Македонија во 1821 година, додека бројните османлиски армии биле ангажирани со отпорот на Али паша Јанински, и нивната подготвеност за испраќање на борци и оружје по задушувањето на немирите на Халкидик и во Епир.

Првата востаничка иницијатива започнала на 8 март 1822 година, со напад врз османлискиот гарнизон во Колиндрос. Иако градот бил бомбардиран со топови, востаниците не успеале да го освојат и биле принудени да се повлечат. Со сличен неуспех завршиле и востаничките офанзиви во околината на Олимп. Османлиската реакција била жестока. Сите села во подножјето на Олимп биле запалени, а населението и востаниците побарале спас во бегство кон тешко достапните места на снежниот Олимп, на Спорадските острови и во југозападна Македонија.

За разлика од востанието на Олимп кое било задушено речиси пред да започне, востаничката офанзива во Негуш и околината, барем на самиот почеток, имала позитивен тек за востаниците. Веднаш по пристигнувањето на Г. Салас во Пиерија, во Берско бил испратен неговиот помошник, Николаос Канусис, со инструкции до А. Караташо, А. Гацо, и негушкиот првенец Логотет Зафиракис. Во Негуш, во присуство на Н. Канусис, кон средината на март 1822 година, Зафиракис ги собрал доверливите граѓани во црквата Св. Димитрија и ги известил за барањата на Лабуд паша да го предадат сето оружје и да испратат заложници. Притоа, тој изјавил дека доколку граѓаните се согласат со условите на Лабуд паша тој ќе го напушти градот, но доколку ја одбијат наредбата на солунскиот паша, тој ќе остане во Негуш и ќе го брани до смрт. Веднаш потоа Зафиракис го претставил Канусис како претставник на грчката влада, кој дошол да даде воена и морална поддршка од слободна Грција. На крајот, негушкиот првенец одржал говор за сите страдања на негушани под турска власт и поентирал дека конечно дошол мигот за конечната пресметка. Под влијание на зборовите на Зафиракис, возбудените граѓани се упатиле кон градскиот пазар и на лице место ги убиле невините турски трговци. Оттаму тие тргнале кон малиот турски гарнизон во Негуш, ги ликвидирале сите турски војници, ги заробиле кајмакамот и кадијата и се стекнале со

целосна контрола врз градот.[1] Биле формирани неколку воени одреди и штаб на чело со А. Караташо, а во градот било издигнато востаничкото знаме (син крст на бело поле).

Следниот ден по заземањето на Негуш, околу 1.800 востаници го нападнале Бер. Турците биле навремено предупредени и востаниците не успеале да го освојат најголемиот град во регионот. Оттаму, востаничките сили се повлекле кон манастирот Доврас, каде што успеале да одбијат три турски напади што завршиле со над 300 мртви турски војници. Дополнителен елан на востаниците во овие мигови им дало и пристигнувањето на нови востанички сили кои се повлекувале од Пиерија и Олимп, предводени од капетан Дијамандис Олимпиос.

Заземањето на Негуш и востаничката победа кај Доврас имале голем одек во целиот регион. После овие успеси кон востаниците се приклучиле и поголем број селани од македонските села северно од Негуш (Држилово, Катраница, Граматиково и др.). На тој начин востанието зело многу пошироки размери. Се проширило во околијата на Воден, а ги зафатило и речиси сите села до утоката на р. Бистрица. Во овој контекст, постојат индикации дека во востанието индиректно зеле учество и одредени македонски големци. Така, за време на востанието ќајата од Лазарополе, Ѓурчин Кокалески, кој во тој период се наоѓал во Берско, бил обвинет „дека има сто пушки, дека е капидан и дека ги повел сите останати капидани“.

Според податоците на британскиот конзул во Солун, постоела опасност да биде нападнат и најголемиот македонски град. Меѓутоа, во тој миг на Солун не му се заканувала реална опасност бидејќи востаниците ги насочиле своите напади врз турските чифлици, при што биле запалени над 130 чифлици и полски кули.

Востаничките успеси во Негушкото востание сепак биле краткотрајни. По неуспешниот обид за освојување на Бер, востаничката офанзива принудно се трансформирала во дефанзива и одбрана на стекнатите позиции. Османлиските власти презеле енергични мерки за задушување на востанието. На 24 март Лабуд паша го испратил Хаџи Мехмед ага со неколку илјадна војска за да го задуши востанието во Негушко. Востаниците биле принудени постепено да се концентрираат во градот Негуш,

[1] Според податоците во постарата грчка литература, прифатени и од македонската историографија, востанието во Негуш започнало на 19.02/3.03. 1822, или на 22.02/6.03. 1822 година. Овие датирања, како што констатираат поновите истражувачи на оваа проблематика, се најверојатно погрешни. Со оглед на тоа што Н. Канусис пристигнал во Негуш околу 12 март 1822 година, а востанието започнало во негово присуство, почетокот на Негушкото востание би можеле да го датираме најрано на 12.03.1822 година, а најдоцна во средината на март истата година.

каде што според инструкциите на А. Караташо и А. Гацо биле изградени привремени фортификации и биле ископани повеќе ровови за одбрана на градот. Три дена подоцна пред градските тврдини во Негуш се појавил лично Лабуд паша со 10.000 регуларна војска, 14 топови и речиси 11.000 башибозук. Пред да го започне нападот, солунскиот паша им понудил на негушани услови за да се предадат, меѓутоа понудата била одбиена. Со тоа започнала двонеделна опсада на Негуш. Сè до 12 април градот се наоѓал под постојана канонада. На 5 април султанот испратил наредба да се вложат поголеми усилби за задушување на востанието, а следниот ден била прекината секаква врска и сообраќај од и кон Негуш. Притоа, бранителите на Негуш требало да се справат и со опаднатиот морал на граѓаните, како и со активностите на внатрешните непријатели. Наместо да ги извршуваат поставените задачи, многу граѓани размислувале само како да ги заштитат своите семејства и имотот. Конфузијата и песимизмот биле продлабочени од пропагандата на политичките противници на Зафиракис во градот, кои се наоѓале во постојан контакт со Лабуд паша и секојдневно ширеле гласини што ги обесхрабрувале негушани.

Османлиската војска набргу го искористила опаднатиот морал на негушани. Ноќта на 12 кон 13 април, со помош на непријателите на Зафиракис во Негуш, кои на напаѓачите им ги укажале небранетите позиции во градот, османлиските војници успеале да навлезат во Негуш. Започнале жестоки улични борби, во кои дел од востаниците успеале да си го пробијат својот пат надвор од градот, но поголемиот дел востаници и обични граѓани станале жртви на војската и башибозукот. Меѓу оние што се спасиле биле и воените лидери, А. Караташо и А. Гацо, кои со дел од своите луѓе го напуштиле Негуш и преку југозападните македонски планини и Тесалија стигнале до регионот на реката Аспропотамос. Дел од востаниците ги пробиле турските линии и извесно време останале активни во регионот. За разлика од нив, Зафиракис го напуштил Негуш но во близина на градот бил пресретнат од албански башибозук и загинал заедно со братот на А. Караташо.

Оние што не успеале да се спасат го почувствувале сиот акумулиран бес на победниците. За задушувањето на востанието и за првите часови по навлегувањето на османлиската војска и башибозук во Негуш пишува Лабуд паша во извештај од 21 април 1822 година до своите претпоставени во Цариград: „Се дава на знаење дека подмолните неверници од Негуш и околните села, отфрлајќи ја од пред два месеци потчинетоста, се предале на арамиство и непокорство. Врз основа на силата на царскиот ферман за

разбивање и уништување на неверниците лично изврших поход од Солун со многубројна војска и пред 24 дена ја започнавме војната... Откако нападнаа, нашите храбри војници излегоа како победници и прославени од сите битки, разбивајќи ги одвратните непријатели. Но кога влеговме триумфално во градот и станавме негови господари, нивните капетани ја исползуваа темнината и успеаја да побегнат во соседните планини... Многу од бунтовниците не стасаа да побегнат и се криеја внатре во градот. Тие се фатени и против нив најстрого и без милост се употребени наредбите од светата фетва. Другите, чиј број надминуваше 2.000, се убиени со сабји или се испратени во пеколот со бесилки. Нивните деца и жени се уништени, нивните имоти се конфискувани, а нивните домови се растурија и се предадоа на огинот".

За настаните што следувале непосредно по османлиското освојување на градот сведочат и други современици на настанот. Патријаршиски свештеник од Воден забележал дека биле убиени 170 души, додека 5.000 жени и деца биле продадени како робови. Дел од негушаните што го преживеале теророт раскажувале дека во центарот на градот биле донесени 1.500 заробеници: „Седејќи во сенката на високиот чинар и мирно пушејќи од своето луле, (Лабуд паша, б.н) им нареди на Евреите (што дошле од Солун со османлиската армија, б.н), кои се покажаа подготвени да ја извршат задачата, да започнат со егзекуцијата. Пред 5.000 војници (Евреите, б.н) им ги отсекоа рацете на сите заробеници... Телата на жртвите беа оставени како мрша за птиците, но нивните глави, кои беа внимателно балсамирани, му беа испратени на султанот, како доказ за брилијантната победа на неговата славна армија". Според сведоштвата на негушани, 13 млади девојки фатени за раце се фрлиле во реката Арапица за да не бидат силувани. Поп Стефаниев запишал: „Бележам овде како го расипаа Негуш... Лобут-паша отиде против нив; од корен ги запусти (негушаните, б.н); жив маж не остави, а жените и децата ги зеде робје, човек не остана во Негуш; сите куќи ги изгореа, та ни една колиба не остана. Сите мажи Турците под сабја ги поминаа; пискотници и пљачки и таги големи беа!". Освен со убиството на мажите, пленувањето на жените и децата и палењето на градот, Негуш бил казнет и со рушење на градските ѕидини.

Судирите меѓу востаниците и османлиските одреди фатално се одразиле и врз руралната околија на Негуш. Селаните започнале да ги напуштаат своите домови и побарале сигурност во Воден, Бер и на Олимп. Оние повнимателните се упатиле кон источна Македонија и се населиле во Сер, Мелник, Драма и Џумаја, каде сè уште се познати под називот Пуливаци, а дел се упатиле на север кон Србија, Влашка и

Австриската Империја. Извесен број на селани од востанатите села биле присилно преселени во Серско од страна на османлиските власти. Околу 120 села во југозападна Македонија биле запалени, делумно од османлиските одреди, делумно од востаниците кои на тој начин се обиделе да ги принудат селаните да им се придружат во веќе загубената борба, а дел биле запалени од самите селани при нивното напуштање. Османлиската војска и башибозуците ги напаѓале околните села, без разлика дали зеле учество во востанието. Околу 50 македонски и грчки села биле целосно уништени од војската, а најголемиот дел од нив никогаш повеќе не биле обновени.

Одмазничкиот поход на Лабуд паша продолжил и по неговото триумфално враќање во Солун. Над неговата палата јавно биле истакнати главите на Зафиракис и неколку други востаници, како сведоштво за тоа што ќе го очекува секој што би се дрзнал да се побуни против султанот. Во Солун биле егзекутирани околу 60 заробеници доведени од востанатите региони. Дел од младите момчиња донесени од Касандра и Негуш биле исламизирани и обрежани. На Бошњак ан во Солун секојдневно биле продавани стотици жени и деца од Негуш и околината. Нивниот број бил толку голем што предизвикал драстичен пад на цената на останатото робје во Солун. Нешто слично се случило и со цената на златото и среброто. Грабежот во Негуш и дистрибуцијата на негушкото богатство низ солунските пазари довеле до огромна дефлација. Робинките и децата од Негушко завршиле и на пазарите во Сер, Кавала и Битола. Во име на христијанската солидарност, дел од нив биле откупувани од патријршиските владики и од поимотните граѓани.

Без разлика на својата краткотрајност, Негушкото востание предизвикало сериозна загриженост кај власта. Османлиите биле принудени да стационираат бројни трупи во планинскиот регион помеѓу Воден и Олимп, задолжени да ги ловат преостанатите востаници во околните планини и да воспостават цврста контрола врз регионот. Судејќи според султанските наредби до солунскиот паша и проследените наредби до кадиите на Негуш и Бер, во мај, јуни и јули 1822 година во околиите на Воден и Негуш сè уште дејствувале христијански герилски дружини, кои „вршеле многу неправди и насилства, ги убивале сите муслимани што ќе ги сретнеле... и дури испратиле писмо до диванот во Солун... известувајќи дека ако не им се дадат заробените во Негуш... ќе продолжат со убиствата“. Како последица на овој османлиски ангажман, бил значително олабавен притисокот врз грчките востаници на Пелопонез и Атика.

Негушкото востание предизвикало опустошувањето на поголем број села во југозападна Македонија, миграција на локалното население во поголемите градови и други реони на Македонија и промена на демографската слика во одредени градови и села. Поради недостатокот на работна села предизвикан од овие преселби, на 16 декември 1825 година бил издаден ферман во кој се наредувало сите разбегани селани принудно да се вратат во своите поранешни села. Во спротивно, нивниот имот би бил конфискуван во полза на државата. Од друг ферман од 1831 година дознаваме дека им биле вратени имотите на оние негушани што се вратиле во своите домови, додека имотите на убиените и на оние што не се вратиле биле конфискувани и распределени меѓу 150-те колонизирани муслимански семејства. Во 1833 година бил издаден ферман со кој сите заробени во востанието биле амнестирани и им било дозволено да се вратат на своите огништа, но само доколку во меѓувреме не го примиле исламот. Дел од востаниците од уништените и веќе непостоечки села се населиле во градот Негуш. На тој начин, во градот дошол значителен број на доселеници од македонските села во регионот.

Неуспехот на Негушкото востание во прв ред може да се припише на несистематските подготовки, недостатокот на обединето водство и лошата комуникација меѓу востанатите реони. Востанието не започнало како резултат на сеопфатна подготовка која би вклучила масовно вооружување на руралното населението. Неговиот почеток бил тактички маневар на водачите на грчката револуција во јужна Грција, кои по неславниот крај на Халкидичкото востание кон крајот на 1821 година, како и по задушувањето на бунтот на Али паша Јанински во јануари 1822 година и испраќањето на 20.000 војска од Јанина на Пелопонез, се обиделе да направат диверзија преку дотур на луѓе и оружје во југозападна Македонија и на Олимп, со што би се прекинал протокот на османлиска војска кон Грција, а османлиското внимание би било пренасочено кон Македонија. Од друга страна, крахот на Негушкото востание во голема мерка се должел на ефикасните мерки што османлиските власти ги презеле непосредно пред да избие востанието. Вооружувањето на муслиманското население, обезоружувањето на христијаните, испраќањето на силни османлиски трупи во југозападна Македонија и апсењето на христијанските првенци, со што населението било лишено од лидерство, го осудиле востанието на неуспех уште пред да започне.

Сепак, иако Негушкото востание е во одредени аспекти поврзано со грчката војна за независност, би било погрешно да се прифати тезата што се провлекува низ грчката

историографија дека идеалите на востаниците од Македонија биле идентични со идејата за создавање на грчка држава. Во текот на неколку децении етнички разноликото христијанско население од југозападна Македонија се наоѓало под перманентен терор и притисок од страна на Али паша Јанински. Овој притисок се интензивирал по 1820 година, кога низ регионот започнале да минуваат османлиски војски на пат кон Јанина, а повеќекратно се зголемил по започнувањето на грчката војна за независност во 1821 година и секојдневниот премин на османлиски армии и нерегуларни албански формации, кои преку југозападна Македонија се упатувале кон Пелопонез. Оттука, би можеле да заклучиме дека иако во востанието доминирале Грците, кои можеби и се поистоветувале со идеалите на грчките револуционери од јужна Грција, за останатото христијанско население во Негуш и околијата востанието пред сè било ослободително.

**Селективна литература:**


Βασδραβὲλλης Κ. Ιωάν., Ιστορικά Αρχεία Μακεδονίας, Β, Αρχείον Βεροίας-Ναούσης 1598-1886, Θεσσαλονίκη 1954

Βασδραβὲλλης Κ. Ι., Οι Μακεδόνες κατά την επανάστασιν του 1821, Θεσσαλονίκη 1967

Vacalopoulos A. E, History of Macedonia 1354-1833 (Translated by Peter Megann), Θεσσαλονίκη 1973

Βακαλόπουλος Α. Κωνσταντίνος, Επίτομη ιστορία της Μακεδονίας, Τουρκοκρατία, Θεσσαλονίκη 1988

Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, Том I, книга I, 1820-1848 (Приредил Климент Џамбазовски), Београд 1979

Историја на македонскиот народ, кн. 2, Скопје 1969

Κασομούλης Νικόλαος, Ενθυμήματα στρατιωτικά της επαναστάσεως των Ελλήνων 1821-1833, Τ. Ι, Καποδιστριακή περίοδος, Αθήνα 2005

Матковски Александар, Отпорот во Македонија во времето на турското владеење, Т. 4, Буни и востанија, Скопје 1983

Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800-1919 година), II дел (составил: Љубен Лапе), Скопје 1976

Стојчев Ванче, Буни и востанија, Македонија – илустрирана ревија за иселениците од Македонија, 45/559, Скопје 1999

Στουγιαννάκης Ι. Ευστάθιος, Ιστορία της πόλεως Ναούσης, Εδεσσα 1925

Трајановски Александар, Негушкото востание во Јужна Македонија од 1822 година, По повод 170 годишнината од настанот, ГИНИ, 36/1-2, Скопје 1992

Турски документи за македонската историја, Том IV, 1818-1827 (Превод, редакција и коментар: Панта Џамбазовски), Скопје 1957

Φιλιππιδου Γ.Ν, Η επανάστασης και καταστροφή της Ναούσης, Ιστορική πραγματεία, Αθήνα 1881